**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1979 | 1 | |


Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Мајка и бебе", и тоа:

   - изданието бр.26 на месечниот магазин „Мајка и бебе" од март 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13 март 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

   Надзорот се врши со цел да се констатира дали Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје постапило по Решението за преземање мерка - опомена, кое директорот на Агенцијата му го упати на 31.12.2014 година во врска со исполнувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка бр.03-731 од 31.12.2014 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје. Решението било донесено поради тоа што издавачот на печатен медиум, во изданието бр.25 на магазинот „Мајка и бебе" од ноември 2014 година, не ги објавил податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиум, адресата на седиштето на уредништвото, името на одговорното лице на издавачот на медиум, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

6. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор е констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, во изданието бр.26 на месечниот магазин „Мајка и бебе" од март 2015 година **само делумно постапило по Решението**, односно не ги објавило податоците за:

   - адресата на уредништвото на издавачот на медиум

7. **Опис на прекршувањето:**

Со надзорот врз Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум **не ја исполнил во целост** обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

8. **Предлог мерка:**

Имајќи во предвид дека Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје во текот на 2015 година не е опоменето за прекршување на член 12 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***